

# СОВРЕМЕНО ИНДИСКО СЛИКАРСТВО

# *СОВРЕМЕНО ИНДИСКО СЛИКАРСТВО*

21. — 31. ЈАНУАРИ 1974.

МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ

СКОПЈЕ

*СОЈУЗЕН ЗАВОД ЗА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА,*
*ПРОСВЕТНО-КУЛТУРНА И ТЕХНИЧКА СОРАБОТКА —*
*БЕЛГРАД*

*ИНДИСКИ СОВЕТ ЗА КУЛТУРНИ ВРСКИ*
*СО СТРАНСТВО — ЊУДЕЛХИ*

*РЕПУБЛИЧКА КОМИСИЈА ЗА КУЛТУРНИ*
*ВРСКИ СО СТРАНСТВО — СКОПЈЕ*

*МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ — СКОПЈЕ*

ЦЕЛТА НА ОВА ИЗЛОЖБА НЕ Е ДА ПРИКАЖЕ РЕМЕК ДЕЛА НА СОВРЕМЕНАТА ИНДИСКА УМЕТНОСТ СПРЕМА УТВРДЕНИТЕ ШЕМИ ТУКУ ДА ГИ ПРЕЗЕНТИРА ЗАЕДНИЧКИТЕ ТЕНДЕНЦИИ ВО ИЗЛОЖЕНИТЕ СЛИКИ, ЦРТЕЖИ И ГРАФИКИ ОД ИНДИЈА. ИНДИСКАТА УМЕТНОСТ ДЕНЕС, КАКО ВПРОЧЕМ И СЕКОЈА ДРУГА, ПРЕТСТАВУВА ТРОПСКА ШУМА БОГАТА СО РАЗНИ ПЛОДОВИ, ОД КОИ СЕКОЈ СИ ИМА ПОСЕБЕН ВКУС. ЦЕЛОКУПНИОТ СПЕКТАР НА СОВРЕМЕНИТЕ ЕКСПЕРИМЕНТАЛНИ УМЕТНИЧКИ НАСОКИ СЕ ОДРАЗУВА ВО ИНДИСКАТА УМЕТНОСТ СО МНОГУ ЛОКАЛНИ ТОНОВИ. ВООБИЧАЕНАТА ТЕРМИНОЛОГИЈА КОЈА СЕ ПРИМЕНУВА ВО СОВРЕМЕНАТА ЛИКОВНА УМЕТНОСТ МОЖЕ ПОДЕДНАКВО ДА СЕ ПРИМЕНИ И ЗА ХЕТЕРОГЕНИОТ СЕНЗИБИЛИТЕТ НА НАЦИЈА КАКВА ШТО Е ИНДИЈА. СЕ РАЗБИРА ДЕКА ИНДИЈА КАКО ЕДИНСТВЕНА ДРЖАВА ИМА РАЗНОВИДНА КУЛТУРА.

ГОЛЕМИОТ ДЕЛ НА УМЕТНОСТА ВО ИНДИЈА ЈА ИЗРАЗУВАЛ И СЕ УШТЕ ЈА ИЗРАЗУВА РАДОСТА НА ЖИВОТОТ. ДА ГИ ЗЕМЕМЕ, НА ПРИМЕР, ИНДИСКИТЕ МИНИЈАТУРИ. ИНДИСКИТЕ ФРИЗОВИ ОБИЛУВААТ СО ДУХОТ НА ИГРАТА И МУЗИКАТА. ЧУВСТВОТО ЗА БОИ И ДВИЖЕЊЕ Е ПРИРОДЕН ПРИДРУЖНИК НА ОВАА ПРЕДИСПОЗИЦИЈА. ИНДИСКАТА МУЗИКА И ИГРА, ПОДЕДНАКВО И КОМПЛЕМЕНТАРНО, ИЗРАЗУВААТ СПОКОЈНОСТ, МИР, СМИРЕНОСТ, ЧУВСТВО ЗА ХАРМОНИЈА СО ПРИРОДАТА ИЛИ СО ОНИЕ ПЕРСОНИФИЦИРАНИ ПСИХИЧКИ СИЛИ ШТО СЕ СУШТЕСТВЕНИ ЗА ЧОВЕКОВОТО НАПРЕДУВАЊЕ И ПОСТОЕЊЕ.

СОВРЕМЕНИОТ ИНДИСКИ СКУЛПТОР, ПРОИЗВОД НА НЕБРОЕНИ ДИСОНАНТНИ ИСТОРИСКИ СИЛИ И КУЛТУРИ, Е ВО СОСТОЈБА, СПРОТИВНО НА СЀ, ДА ГО ПРИКАЖЕ СВОЈОТ ДРЕВЕН ГЕНИЈ ВО НОВИ ФОРМИ. КОРИСТЕЈЌИ ГО СОВРЕМЕНИОТ УМЕТНИЧКИ МЕДИУМ НА БОЈАТА И ФОРМАТА ТОЈ СЕУШТЕ Е ВО СОСТОЈБА ДА ЈА ИЗРАЗИ РАДОСТА И ОДУШЕВЕНОСТА ОД ЖИВОТОТ. ЕДЕН ОД ТАКВИТЕ Е И *J. SVAMINATHON*. *G. R. SANTOSH* Е ПРЕТСТАВНИК НА ДРУГАТА УМЕТНИЧКА НАСОКА ВО ИНДИСКАТА УМЕТНОСТ, КОЈ СЕ СТРЕМИ ДА ОСТВАРИ ЕДИНСТВОТО ПО ПАТ НА ОКУЛТНИТЕ СИЛИ. А ТУКА СЕ И НЕО-НАТУРАЛИСТИТЕ КАКО *V. S. GAITANDE*, КОЈ ЈА ВОСПЕВА ФОРМАТА, СТРУКТУРАТА И ШЕМАТА,

НА НАЧИН СЛИЧЕН НА ПРОЧУЕНИТЕ ИНДИСКИ ТКАЕНИНИ. ПОСТОЈАТ И ДРУГИ ШТО ЈА ИСТРАЖУВААТ ПОТСВЕСТА НА ЧОВЕЧКИОТ УМ, КАКО НА ПРИМЕР *BIKASH BHATTA SHARJEE.*

МЕЃУТОА, ОНА ШТО САКАМЕ ДА ГО ПРИКАЖЕМЕ ТЕМАТСКИ Е СОДРЖАНО ВО ТВОРБИТЕ НА БАРЕМ ДВАНАЕСЕТ ОД ОСУМНАЕСЕТТЕ ПРЕЗЕНТИРАНИ ИНДИСКИ СЛИКАРИ. ТИЕ СЕ ПРЕОКУПИРАНИ СО РАЗМИСЛУВАЊАТА ЗА ЧОВЕКОТ; ИЗРАЗУВАЈЌИ ЃИ, ВО ИСТО ВРЕМЕ, И СРАМОТ И БОЛКАТА. ДЛАБОКАТА ИНТЕЛЕКТУАЛНА КОНЦЕПЦИЈА НА ОВИЕ СЛИКАРИ ПОСЕДУВА ПОТРЕБНА ВИЗУЕЛНА СИЛА ПРИ ШТО НИВНАТА УМЕТНОСТ ЈА ДОБИВА СВОЈАТА ВИТАЛНОСТ. СЛИКАРИТЕ ШТО ВИ ГИ ПРИКАВУЖУВАМЕ НЕ СЕ ПРОПОВЕДНИЦИ, НО НИВНИТЕ ЕТИЧКИ ИМПУЛСИ И НИВНИТЕ СПИРИТУЕЛНИ ИСТРАЖУВАЊА МОЖАТ ДА БИДАТ МОШНЕ СИЛНИ. НЕКАДЕ, КАЈ НЕКОИ ОД НИВ, СЕ ЧУВСТВУВА ЗАГРИЖЕНОСТ, ЗА НАШЕТО ВРЕМЕ, ЗАГРИЖЕНОСТ ЗА ОНА ШТО МУ СЕ СЛУЧУВА НА ЧОВЕКОТ. ТОА ГИ СПРЕЧУВА ДА НАВЛЕЗАТ ВО ЧИСТОТАТА НА ИГРАТА И МУЗИКАТА, ШТО ДОЛГО ВРЕМЕ БЕА ИНДИСКА ТРАДИЦИЈА, И КОИ, ЗА НАС, СЕУШТЕ ЈА ИМААТ ВИСТИНСКАТА ПРЕДНОСТ КАКО ОДРАЗ НА ЖИВОТОТ. РЕАГИРАЈЌИ НА ИМАГИНАТИВНОТО ВИЗУЕЛИЗИРАНО ИСКУСТВО ТИЕ ДЕЈСТВУВАА СНАЖНО, НО НЕ СЕ ИСФРЛИЈА ОД РАМНОТЕЖА КАКО УМЕТНИЦИ.

НАКРАТКО ОПИШУВАЈЌИ ГИ ДЕЛАТА НА ОВИЕ УМЕТНИЦИ ВО НЕКОИ ОД НИВ, КАКО НА ПРИМЕР, ВО ФИГУРИТЕ НА УМЕТНИЦАТА *NALINI MALANI,* СЕ СРЕЌАВА ПАТЕТИЧНА ТИШИНА. ТАА ГИ ПРИКАЖУВА СТРАДАЊАТА НА ПОНИЗЕНИТЕ И УНИШТЕНИТЕ ЧОВЕЧКИ СУШТЕСТВА, ИЗРАЗУВАЈЌИ СЕ НЕ САМО ПРЕКУ ФОРМАТА ТУКУ И НИЗ ФОРМАЛНИТЕ СРЕДСТВА НА ДРАМАТИЧНАТА ЧОВЕЧКА СОСТОЈБА. НАЛИНИ МАЛАНИ Е СЕУШТЕ МЛАД СЛИКАР И ТАА СИГУРНО ЌЕ ЈА УСОВРШИ СВОЈАТА ТЕХНИКА. НО, ВЕЌЕ СЕГА МОЖЕ ДА СЕ КАЖЕ ДЕКА ТАА СО СВОЈАТА ДОСЕГАШНА РАБОТА НИ ГО ПРЕТСТАВИ ПОТРЕСНОТО ЧОВЕЧКО ИСКУСТВО ШТО ГО ВОЗНЕМИРУВА СВЕТОТ.

СПОРЕД НАШЕТО МИСЛЕЊЕ, НЕЈЗИНИТЕ СЛИКИ СОДРЖАТ ДЕЛ ОД ВИСТИНСКА УМЕТНОСТ НО ИМ НЕДОСТАСУВА ОНАА АВТЕНТИЧНА СОДРЖИНА ШТО ГО

ЗАСЕГНУВА НАШЕТО ВНАТРЕШНО БИТИЕ. СЛИКИТЕ, КАКО ШТО СЕ ОНИЕ НА *MALANI* И *DORAISWAMY* НЕ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ЕСТЕТИКАТА НА „УБАВОТО“ ИЛИ НА ЕКСТАЗАТА, ТУКУ НА ЧОВЕЧКИОТ ДУХ. ОВОЈ ДУХ ПРЕТСТАВУВА ОДБИВНОСТ ИЛИ СИМПАТИЈА СОЕДИНЕТИ ВО ЕДНО. ВО ТОЈ КОНТЕКСТ ТОЈ НЕ Е ОКУПИРАН СО МИТОТ ЗА ПРОМЕТЕЈ, ФАУСТ, СО БОЖЕНСТВЕНИОТ НЕМИР, ТУКУ ЕДНОСТАВНО СО ИДЕЈАТА ЗА ПРИКАЖУВАЊЕ НА ПОНИЖЕНИТЕ И УГНЕТУВАНИТЕ ВО СВЕТОТ. ЗА ОВОЈ УМЕТНИК ЧОВЕКОВОТО СТРАДАЊЕ Е НАЈСТРАШНАТА ПРИРОДНА НЕСРЕЌА.

БИ БИЛО ПРЕМНОГУ МИСЛОВНО ИЛИ ВУЛГАРНО, ОВИЕ ДЕЛА ДА СЕ СМЕТААТ КАКО НЕКАКВА ПРОПАГАНДА ЗА ЧОВЕШТВОТО. УМЕТНИКОТ ОВДЕ И НА ВИЗУЕЛЕН НАЧИН ДОПИРА ДО НАШАТА СВЕСТ. САМО АВТЕНТИЧНОСТА ВО УМЕТНИЧКОТО ДЕЛО МОЖЕ ДА НÈ ВОЗБУДИ.

СЕГА Е ЈАСНО КОЛКАВ ПАТ ИЗМИНАЛО ИНДИСКОТО СЛИКАРСТВО. ВО ТЕКОТ НА СВОЈОТ УМЕТНИЧКИ РАЗВОЈ НЕКОИ ОД ОВИЕ НОВИ УМЕТНИЦИ НАВИДУМ ПОТПОЛНО ПРЕКИНУВААТ СО МИНАТОТО. ВО НЕКОИ ОД НАЈНОВИТЕ СЛИКИ ЈАСНО СЕ ГЛЕДА ОТСТАПУВАЊЕТО ОД МОДЕРНИЗМОТ, НО ТОА ПОВЕЌЕ Е ТРАГАЊЕ ПО КУЛТУРНИТЕ НАПЛАСТИ ОД МИНАТОТО, ОТКОЛКУ ИМИТИРАЊЕ НА ПОСТАРИТЕ СТИЛОВИ.

ВЛИЈАНИЕТО НА НОВАТА ДУХОВНА И ОПШТЕСТВЕНА СРЕДИНА ЈА ИЗМЕНИ ЛИЧНОСТА НА УМЕТНИКОТ, ПРИ ШТО ТОЈ, ГО МОДИФИЦИРА И ГО ПРОМЕНИ СВОЈОТ ИЗРАЗ. ЖИВОТОТ НА ПОРАНЕШНИТЕ СЛИКАРИ БЕШЕ РЕЛАТИВНО СТАБИЛЕН. МОЖЕБИ ПРЕТСТАВУВАШЕ ЕДЕН СПОКОЕН СВЕТ, СО МАЛКУ ДУХОВНА ТЕМНИНА И ВОЗНЕМИРЕНОСТ. ТОГАШ СЛИКАРОТ РЕТКО СЕ ЗАНИМАВАШЕ СО САМИОТ СЕБЕ; ВНИМАТЕЛНО И ДЕЛИКАТНО, ГО ИЗРАЗУВАШЕ ИЗГЛЕДОТ НА СВЕТОТ. НО СО ВРЕМЕ, КАКО ШТО СЕ СЛУЧУВА СО ПОВЕЌЕТО ОД ОВИЕ СЛИКАРИ, ТОЈ СТАНУВА ОПШТЕСТВЕНО СВЕСЕН И ЗАПОЧНУВА ДА РАЗМИСЛУВА. НЕГО ГО МОЧИ ЕПИСТЕМОЛОШКО СОМНЕВАЊЕ.

СЛИКАРОТ *AKABAR PADAMSEE*, НА ПРИМЕР, СЕ ОБРНУВА КОН САМИОТ СЕБЕ ПРЕТСТАВЕН ПРЕКУ ДВЕ

НЕПОДВИЖНИ ФИГУРИ. ТИЕ ЈА ОДРАЗУВААТ СОСТОЈБАТА НА ВОЗДРЖАНАТА ГРИЖА И НЕИЗВЕСНОСТА ВО ПЕКОЛОТ.

ВО НЕГОВИТЕ СЛИКИ НЕМА НИШТО ФАНТАСТИЧНО, ЕКСЦЕНТРИЧНО ИЛИ МИСТИЧНО. НЕГОВОТО ПРИКАЖАНО ДЕЛО ПОКАЖУВА ЧОВЕК РАСТРГАН ПОМЕЃУ НЕЗДРАВИТЕ ОПШТЕСТВЕНИ И ЧОВЕЧКИ ОБЅИРИ; СО ДРУГИ ЗБОРОВИ, ТОЈ ЈА ИЗРАЗУВА НЕПОСРЕДНАТА ДОВЕРБА ВО ИСКУСТВОТО. ОВА Е ДОСТА ДЕЦИДНА ЛИЧНА ОПРЕДЕЛБА, ЕДЕН ВИД ЕСТЕТСКА НЕПРИКОСНОВЕНОСТ. ТОА ИСТОВРЕМЕНО Е ПОТЧИНУВАЊЕ НА ЕМОЦИЈАТА НА АНАЛИТИЧКИОТ ИНТЕЛЕКТ. ПАДАМСЕОВАТА ЛИЧНОСТ Е ПРЕЦИЗНА, СМИРЕНА, ТОЈ СТУДЕНО ГО ГЛЕДА СВОЈОТ СВЕТ.

КАКО СЛИКАР *VEENA BHARGAVA* СЕ ОБИДЕ ДА ЈА ИЗРАЗИ СВОЈАТА КРИТИЧКА БУДНОСТ ЗА ЧОВЕЧКАТА СОСТОЈБА НИЗ ЕКСТРЕМИТЕТИТЕ НА УЛИЧАРИ. НА ОВОЈ НАЧИН ТАА РЕАГИРА ПРОТИВ ЦРНАТА ГРАДСКА РЕАЛНОСТ. НЕЗИНОТО ДЕЛО ГО СМИРУВА ИНТЕЛЕКТОТ ЧУВАЈЌИ ВО НЕГО ДУХ — ЕКСТРЕМИТЕТИТЕ ШТО ГИ ПРИКАЖУВА СЕ МОТИВИ ШТО ПРЕТСТАВУВААТ СИМБОЛ НА ЖИВОТОТ И НА ДВИЖЕЊЕТО.

ДА ГИ УПОТРЕБИМЕ НЕЗИНИТЕ СОПСТВЕНИ ЗБОРОВИ: „ДА СЕ ПРЕНЕБРЕГНУВА НЕМИРНАТА КЛИМА НА НАШЕТО ВРЕМЕ ЗНАЧИ ДА СЕ ПОСТОИ СО ЗАТВОРЕНИ ОЧИ“.

МЛАДИОТ *SUDHIR SAXENA* НА ПОЧЕТОКОТ НА СВОЈАТА УМЕТНИЧКА КАРИЕРА ВЕЌЕ СЕ ФАЌА ВО КОСТЕЦ СО ДЕПРЕСИВНАТА ЧОВЕЧКА СТВАРНОСТ. ВО СВОИТЕ ЦРНО-БЕЛИ ЦРТЕЖИ ТОЈ ЈА КОРИСТИ СВОЈАТА ЦРТАЧКА ДАРБА ЕМОЦИОНАЛНО ДА ГИ НАВЕСТИ ПРАСТАРИТЕ ПРАШАЊА.

НЕКОГАШ KHOSA-ОВИТЕ ЦРТЕЖИ ПРЕТСТАВУВАА ДВИЖЕЊА НА БОИ, РАЗМАВНАТИ ЗНАМИЊА, СИЛНО НАГЛАСЕНА, ВИБРАНТНА, ПРИВЛЕЧНА СЛИКА, ТОА БЕШЕ ЗАДОВОЛСТВО ДА СЕ ГЛЕДА. НЕГОВАТА ГРАФИКА ОБИЛУВАШЕ СО ДВИЖЕЊЕ И ФАНТАЗИЈА. ДРУГИТЕ ТВОРБИ ЈА НОСЕА ВО СЕБЕ МИСТЕРИЈАТА НА НЕКАКОВ ТАИНСТВЕН ОБРЕД, КОЛОРИСТИЧКИТЕ ПЕРТИИ СЕ СМЕНУВАА СО УБАВОТО ЧУВСТВО ЗА ПЛАСТИЧНА ФОРМА.

ТОЈ СОЗДАДЕ ПРИВЛЕЧНИ ПОДНЕБЈА КОИ ГО ОСВОЈУВАА ГЛЕДАЧОТ. КОСА ВО ДРУГИТЕ СВОИ ТРУДОВИ БЕШЕ ДИСКРЕТЕН, НЕНАМЕТЛИВ. НЕГОВИТЕ БОИ ПОВЕЌЕ БЕА ВОЗДРЖАНИ ОДОШТО ЕКСПЛОЗИВНИ, ПРИВИДЕН МИР ВЛАДЕЕШЕ НАД СЕТО. МЕЃУТОА СЕТО ТОА СЕ ИЗМЕНИ. СЛИКАРОТ СЕГА ТРГНА КОН ПОЦВРСТ ЕЛЕМЕНТ. НА ПРИКАЖАНАТА СЛИКА АВТОРОТ ПРИКАЖУВА ДЕКА Е СВЕСЕН ЗА ЧОВЕЧКАТА ПОТЧИНЕТОСТ; ЗА НЕГО ТОА Е НОВ ПРЕСВРТ.

*ARUP DAS-OBATA* УМЕТНОСТ ТЕЧЕ СЛОБОДНО ОД ИЗВОРИТЕ НА ЧОВЕЧКОТО СРЦЕ. СПОНТАН ПРОДОР НА СОЧУСТВОТО. ЗА ДА ОДГОВОРИ НА ТОА ЧУВСТВО, ТОЈ СВОЈАТА УМЕТНОСТ ЈА ПРАВИ ВИСТИНСКА И ЗНАЧАЈНА ЗА НАС.

*PARITOSH SEN:* ВО НЕГОВОТО ДЕЛО „БАДЕ ГУЛАМ АЛИ", СЛИКАРОТ ГО ВИКА ДУХОТ И СИЛАТА НА ГОЛЕМИОТ ИНДИСКИ КЛАСИЧЕН ПЕЈАЧ. ОВДЕ СЕН ЈА УПОТРЕБУВА СЕТА СВОЈА УМЕШНОСТ ДА НАПРАВИ НЕ САМО ПРИРОДЕН ПОРТРЕТ, ТУКУ ПОРТРЕТ КОЈ ИСТОВРЕМЕНО ЌЕ БИДЕ МЕРЕН СО НЕГОВИТЕ СОПСТВЕНИ ПОДЛАБОКИ РЕАГИРАЊА НА ПЕСНИТЕ ОД ПОКОЈНИОТ ПЕЈАЧ. БЕЗ НАМЕРА ХУМОРОТ ДА МУ БИДЕ НЕВНИМАТЕЛЕН, АЛИ Е ПРИКАЖАН КАКО ПЛИТОК НАДУЕН КОЛОС НАПОЛНЕТ СО ТВОРЕЧКИМИ, МАГИЧЕН ВОЗДУХ КОЈ СЕ ЧИНИ ДЕКА ГО ПРАВИ ТОЛКУ ЛЕСЕН ШТО ВОЗДУХОТ ГО НОСИ.

СЕНОВИТЕ ДРУГИ ТВОРБИ СЕ ДИЈАМЕТРАЛНО СПРОТИВНИ ПО ДУХ НА ОВАА МАТЕРИЈА. ВО СВОЕТО ДЕЛО „УТЕПАЈ ГО ВЕЛОСИПЕДИСТОТ" СЛИКАРОТ СЕ ФАЌА ВО КОСТЕЦ СО ВЕКОТ НА БРЗИНАТА КОЈ ЧЕСТО Е И ВЕК НА НАСИЛИЕ ПОВРЗАНО СО НЕА; СЕН ТРГНУВА ОД МАСАТА ИЛИ ОД ДЕНЕШНИОТ ПЛАКАТ ЗА ДА ЈА ИЗРАЗИ СВОЈАТА ОЦЕНА НА САМОУБИЛЕЧКИТЕ НАГОНИ НА ЕДЕН ДЕЛ ОД ЧОВЕШТВОТО.

САМО ВО ЕДНО ОД НИЗАТА ДЕЛА НА ОВАА ТЕМА, СЛИКАРОТ НЕ ТРГНА КОН ОНА ШТО ВСУШНОСТ ГИ ПРЕТСТАВУВА НАШИТЕ СЕНЗИТИВНИ НЕПЦА, САМО ЗАТОА ДА НЀ НАПРАВИ СВЕСНИ ЗА СВИРЕПИТЕ ИСТОРИСКИ ДИМЕНЗИИ, ВО ОВОЈ ВЕК.

ПОСТОЈАТ ЛУЃЕ КОИ СЕ МОШНЕ ПОТРЕСЕНИ КОГА ЌЕ ЧУЈАТ ДЕКА НЕКОЈ ВЕЛИ КАКО ДЕНЕШНОВО

СЛИКАРСТВО СЕ СТРЕМИ КОН ТОА ДА БИДЕ УНИФОРМНО, ДОСАДНО И НАМЕРНО КОНФОРМИСТИЧКО, НАМЕСТО ДА БИДЕ ЛИЧНО, ЛОКАЛНО, ИНДИВИДУАЛНО И ВОЗБУДЛИВО. ОДГОВОРОТ НА ТАКВИТЕ ОБВИНУВАЊА (ДОКОЛКУ ТАКВА ЗАБЕЛЕШКА МОЖЕ ДА СЕ НАРЕЧЕ ОБВИНУВАЊЕ), СЕ СОДРЖИ ВО МОЖНОСТА АПСТРАКТНИТЕ ДЕЛА ДА СЕ РАЗЛИКУВААТ МЕЃУСЕБЕ — ИНТЕРНАЦИОНАЛНИОТ НАЧИН НЕ Е ВКАЛАПЕНОСТ.

ЗАЛУДНО Е ДА СЕ ЗАГРИЖУВАМЕ ПОРАДИ ИСТОРИСКИ ВООБИЧАЕНА СИТУАЦИЈА. ОНА ШТО БИ БИЛО ВО НЕКОЈА РАКА ЧУДНО Е ВИДОТ НА СЛИКАРСТВОТО ШТО *RAMESHWAR BROOTA* ГО ПРАКТИКУВА, И ТОА НЕ ВЛИЈАЕЈЌИ ВРЗ ОНИЕ ШТО ВО ЕКСКЛУЗИВНАТА АПСТРАКТНА УМЕТНОСТ СЕ БОРАТ ЗА РЕД ВО ОПШТЕСТВОТО. ОВОЈ СЛИКАР, ЗАЕДНО СО УШТЕ НЕКОЛКУ ИНДИСКИ СЛИКАРИ, ГО ПРЕЗЕНТИРА ЧОВЕЧКИОТ ЛИК НА ШОКАНТЕН НАЧИН. КОГА СЛИКИТЕ КАКО НА БРОТА И НА ДРУГИТЕ БЕА ПОРАНО ПРИКАЖУВАНИ, НЕ НАВЕДУВАА НА ПОМИСЛАТА ДЕКА СЕ ВО СОСТОЈБА ДА ГО ПОБИЈАТ ТЕХНИЧКО-ФИЛОЗОФСКИОТ ПАНДИТИЗАМ. ЗОШТО, КАКО БИ МОЖЕЛ ЧОВЕКОТ ДА ГЛЕДА ТАКВА НЕПОСРЕДНА, РЕЧИСИ СТВАРНА МАНИФЕСТАЦИЈА НА ЧОВЕЧКИОТ ДУХ ВО КОРУПЦИЈАТА ИЛИ ВО ТЕСНОГРАДОСТА, А ПОТОА ДА ПРЕМИНЕ КОН ПРАВЛИВИОТ ЖАРГОН, ШТО СЕ ОДНЕСУВА НА ЧУВСТВОТО ЗА БОЈА, ИТН. ВИСТИНА Е ДЕКА СЛИКИТЕ НА БРОТА СЕ КОМПЕТЕНТНИ СО СЛИКАРСКА СМИСЛА И ЗАТОА СЕ ЧИНИ ДЕКА УСПЕВААТ КАКО ПРЕТСТАВИ ШТО ГО ВОЗНЕМИРУВААТ САМОЗАДОВОЛСТВОТО НА ГЛЕДАЧОТ.

НЕГОВИТЕ ОБИДИ ДА СЕ ИЗРАЗИ НЕВООБИЧАЕНО, СЕ ТОПАТ ВО ВИЗИЈАТА ЗА ЧОВЕКОТ. А ЕВЕ И ЧУДНА НЕСОГЛАСНОСТ; СО ПРИКАЖАНИТЕ СЛИКИ ТОЈ СЕ СТАВА ВО РЕДОТ НА ДРУГИТЕ ЛИТЕРАТУРНИ САТИРИЧАРИ. ЈА КОРИСТИ ГРОТЕСКАТА ЗА ДА НАСЛИКА СМЕШНИ АВТО-ИРОНИИ. НЕГОВАТА УМЕТНОСТ НАВЛЕГУВА ВО СОЦИЈАЛНИТЕ СЛАБОСТИ, НЕГОВАТА ОЧЕВИДНА УМЕТНОСТ Е СЕКОГАШ ОБЈЕКТИВНО ДЕФИНИРАНА, А ДЕТАЛИТЕ ВНИМАТЕНО ОБРАБОТЕНИ, А ИНТЕНЗИВНИОТ КОЛОРИТ Е ПОИНАКОВ ВО СПОРЕДБА СО ДЕЛАТА НА НЕГОВИТЕ СОВРЕМЕНИЦИ. ЕДИНСТВОТО Е ПОТПОЛНО КОМПЛЕТНО ВО СЕКОЈА

ОД ОВИЕ КАРИКАТУРИ. МОЖЕ ДА СЕ РЕЧЕ ДЕКА ПРЕД НАС СЕ НАОЃА ДОБРА СЛИКАРСКА ПРОЗА.

КАКО СПРОТИВНОСТ ГО ИМАМЕ СЛИКАРОТ *GIEVE PATEL*, КОЈ ИСТО ТАКА, СЕ ШЕГУВА СО РЕАЛНОСТА, КАКО ВО СЛИКАТА „МРТВИОТ ПОЛИТИЧАР", СМЕЕЈЌИ МУ СЕ НА ЧОВЕШТВОТО. НЕГОВАТА УМЕТНОСТ ИСТО ТАКА, НЕ ШОКИРА. УМЕТНИКОТ ЈА ПРИКРИВА СВОЈАТА ПОРАКА МЕЃУ ПРЕТСТАВИТЕ НА ЧОВЕЧКАТА ПОМПЕЗНОСТ, ГОЛЕМАТА ДРАМА НА БРОЕВИТЕ И ФОСИЛИТЕ НА ЛАЖНИТЕ ВРЕДНОСТИ. ПАТЕЛА ГО ИНТЕРЕСИРА САМО ЕДЕН ПРИМАРЕН ЧОВЕЧКИ ПРОБЛЕМ: ОБОЖУВАЊЕТО НА СИЛАТА. ПАТЕЛ, ХИРУРГ ПО ПРОФЕСИЈА, ИСТО ТАКА ДОБРО ГО ПОЗНАВА СЛИКАРСКИОТ ЗАНАЕТ. ТОЈ ЃИ РАСЕКУВА ГРДИТЕ ЧИРЕВИ, СОЖАЛУВАЊАТА НА ЕГОТО, И БОЛНИТЕ ПОСЛЕДИЦИ. СЀ СЕ ЈАВУВА ВО МРТВО СВЕТЛО, КАКО ПОСТ-МОРТЕМ. МРТВИОТ ПОЛИТИЧАР Е ЕДНОСТАВЕН, ВПЕЧАТЛИВ, ВРАМНОТЕЖЕН ВО ЦЕЛОКУПНАТА КОНФИГУРАЦИЈА; И СО ШОК ГО ПРЕПОЗНАВАМЕ НИЗ ИЗМАЧЕНИТЕ ЛИЦА СО ЦВЕЌЕ.

*GIEVE PATEL* РАБОТИ СПОРЕД ФОТОГРАФИИ ШТО ВО СЛИКАРСКА СМИСЛА НЕ ПРЕТСТАВУВА НИКАКВА НОВИНА, НО СЕПАК МОЖЕ ДА ПРЕДИЗВИКА ИНТЕРЕСНИ РАЗМИСЛИ.

*RAMCHANDRAN:* НЕГОВИТЕ СЛИКИ СЕ ТЕШКИ И НЕ МНОГУ ПРИЈАТНИ. НИВНИОТ ЕФЕКТ ВРЗ ГЛЕДАЧОТ МОЖЕ ДА СЕ СПОРЕДИ СО ГОЛТАЊЕТО НА ГОРЧЛИВ ЛЕК. БИДЕЈЌИ ТЕМАТА ИМ Е СМРТТА НА ЧОВЕКОТ ТИЕ ГО ПРИВЛЕКУВААТ ВНИМАНИЕТО. НЕГОВОТО ТВОРЕШТВО ПРЕДИЗВИКУВА УЖАС; ИЗВИТКАНИ ТЕЛА ЗАВРЗАНИ КАКО КОРЕЊА ОД ДРВЈА И „СТЕРИЛНА АТМОСФЕРА НА ХИРУШКА МАСА". ПОНЕКОГАШ ТОА Е ЕДНОСТАВНА СТУДИЈА НА ЧОВЕЧКИ ЕКСТРЕМИТЕТИ, СЕКОГАШ ДЕТАЛНО ЈАСНА ВО ЦРТЕЖОТ И ПОРАКАТА. ПОРАКАТА И СТИЛОТ СЕ ЛАБИЛНИ, СТРОГО ОРГАНИЗИРАНИ, НЕОДБЕЖНИ КАКО СКУЛПТУРА.

РАМЧАНДРАНОВОТО МАЧЕНИШТВО НА ЧОВЕКОТ ГО НАДМИНУВА ОБИЧНИОТ ПАТОС, КАКО РИТУАЛ НА ДОБРОВОЛНА ЖРТВА. ВО СВОИТЕ НАЈДОБРИ ДЕЛА ОВОЈ СЛИКАР НА ВЕЛИЧАНСТВЕН НАЧИН ЈА ПРИКАЖУВА ЧОВЕЧКАТА ДУША ЖРТВУВАНА НА ДЕХУМАНИЗИРАНОТО ОПШТЕСТВО. НИЗ РАЗБЕСНЕТАТА МАСА ТОЈ МУ СЕ ВРАЌА НА СИМБОЛОТ НА РАСПЕТИЕТО.

ТОЈ УПРАВУВА ГЛЕТКАТА КОН А, ТАА СМИРУВАЧКА, А ИСТОВРЕМЕНО МАЧНА МИСЛА, СУРОВОСТА НА ЧОВЕКОТ СПРЕМА ЧОВЕКОТ. ТОЈ СЕ КОНЦЕНТРИРА НА ИСКРШЕНИТЕ ЕКСТРЕМИТЕТИ НЕВНИМАТЕЛНО И СО СТУДЕНА НЕПРИСТРАСНОСТ. ГЛЕДАЧОТ СТОИ НЕПОДВИЖЕН СО ЧУВСТВО НА КОНФУЗИЈА. УЖАСНИ АСОЦИЈАЦИИ, ЧОВЕЧКИ ТЕЛА НАТРУПАНИ КАКО ВО КОНЦЕНТРАЦИОНИ ЛОГОРИ, КЛАНИЦИ, ХИРУШКИ САЛИ. НО ОВИЕ АСОЦИЈАЦИИ ТОЈ ГИ КРИЕ НИЗ ЛЕГИТИМНИ ИЛИ НЕЛЕГИТИМНИ ТРИКОВИ; ОВОЈ ВИД ТВОРБИ, ДА ГО УПОТРЕБИМЕ БАНАЛНИОТ ИЗРАЗ, Е ЗНАЧАЕН.

И ТАКА ДОДЕКА УЖИВАТЕ ВО ОВИЕ ЧИСТИ КВАЛИТЕТИ (ЧУВСТВОТО НА ТЕЖИНА, ЦВРСТИНА НА ПРОСТОРОТ ИЛИ НЕШТО ДРУГО) ОД НЕКОИ ОД НЕГОВИТЕ НАЈДОБРИ СЛИКИ ТОЈ ВЕ НОСИ ДО ЧОВЕЧКИОТ ПЕКОЛ И ДО ИНТЕЛЕКТУАЛНИОТ СТРАВ НИЗ АЛЕГОРИЈАТА ИЛИ НЕПОСРЕДНОТО ОТКРИТИЕ.

*VIVAN SUNDARAM* Е СЛИКАР СО СИЛНИ ИНТЕЛЕКТУАЛНИ УБЕДУВАЊА. ВО ОВИЕ СЛИКИ НИ ДАВА СТУДИЈА НА ЧИЛЕАНСКИОТ ПОЕТ НЕРУДА И ЦРТЕЖИ ИНСПИРИРАНИ ОД ПЕСНИТЕ НА ГОЛЕМИОТ ПОЕТ.

*LAXMA GOUD:* ЗА НЕГО ЧОВЕКОТ НА АЛЕКСАНДАР ПОПА Е ВИСТИНСКА СТУДИЈА НА ЧОВЕКОТ, ИЛИ ПАК ПРОТАГОРНИОТ ЧОВЕК Е МЕРКА ЗА СИТЕ ПРЕДМЕТИ. И ТАКВИОТ СТАВ БАРЕМ ВО НЕКОИ ОД НЕГОВИТЕ ТРУДОВИ СЕ ЧИНИ, ДЕКА ЈА ОПРЕДЕЛУВА НЕГОВАТА НАКЛОНЕТОСТ.

НЕГОВИТЕ ИЗГУБЕНИ ЛИЦА НА МАСКА ВРЗ ПРАЗНИТЕ ЗАДНИНИ СЕ ЧИНАТ ЗНАЧАЈНИ, СОЗДАДЕНИ КАКО КАЈ СЕМЈУЕЛ БЕКЕТ, ЧЕКАЈЌИ ГО НЕПОСТОЕЧКИОТ ГОСПОД ОД СВЕСНОТО НИШТОЖЕСТВО. МОЖЕБИ ГОУД НЕ ГО ИМАЛ СЀ ТОА НА УМ. НО НИЕ СЕ НАОЃАМЕ ПРЕД ЧУДЕСНА УБАВИНА. НА МНОГУ ОД НЕГОВИТЕ СЛИКИ СВЕТОТ СЕ ЈАВУВА КАКО ОГРОМНА БИНА НА ПРАЗНИНА ОД КОЈА ЧОВЕЧКИТЕ МАСКИ ГЛЕДААТ ВО ПУСТОТАТА ИЛИ СЕ СУДРУВААТ СО ИЗМИСЛЕНИТЕ МОЖНОСТИ НА ТРЕСКАВИЧНАТА ИМАГИНАЦИЈА, СО ГРОБНИЦАТА НА ДУХОТ.

ЛАКСМА ГОУДОВИТЕ БАКРОРЕЗИ И ЦРТЕЖИ НАВЛЕГУВААТ ДО ИЗМАМНИЧКАТА ПОТСВЕСТ БЕЗ

РАЗЛИКА КОЛКУ ТАА МОЖЕ ДА ИЗГЛЕДА И БИЗАРНА ВО СЛИКИТЕ. ИАКО Ѝ СЕ ПОТЧИНАЛ НА ХИМЕРАТА НА СКРИЕНОТО, ТОЈ СЕПАК Е СЛОБОДЕН ВО СВОЕТО СОЗДАВАЊЕ. ТАКВОТО ТВОРЕШТВО НЕ Е ЛЕСНО ЗА РАЗБИРАЊЕ БИФЕЈЌИ Е ИЗВЛЕЧЕНО ОД НАЈТЕМНИТЕ ДЛАБНИНИ НА ЛИЧНОСТА. НЕГОВАТА УМЕТНОСТ НЕ СОДРЖИ ЕРОТИЗАМ ТУКУ ГОТСКА ЕЛАСТИЧНОСТ НА ИМАГИНАЦИЈАТА. ТАА ПРИВЛЕКУВА СО СИЛАТА НА САМРАКОТ. ГОУЛДОВИОТ ДУХ Е СЛОЖЕН, ДЛАБОКО ПОД НИВОТО НА СВЕСНОТО И ПОРАДИ ТОА ПОЛН СО ИРАЦИОНАЛНИ МИСТЕРИИ ШТО НЕ МОЖАТ ЛЕСНО ДА СЕ ИЗРАЗАТ СО ЗБОРОВИ. ПА СЕПАК КАКО И СЕКОЈА КВАЛИТЕТНА УМЕТНОСТ ТАА ЈА ВОЗБУДУВА ЛИЧНОСТА НА НАБЉУДУВАЧОТ. ИМАГИНАРНИОТ СВЕТ ОВДЕ Е КОМПЛЕТЕН, ПОЛН СО ЕНЕРГИЈА И ПРЕТСТАВУВА ПОСЕБНА ДИМЕНЗИЈА.

*S. R. BHUSHAN:* Е ЛУТ ПЕСНИК НА АПОКАЛИПСАТА. НА НЕГОВИТЕ СЛИКИ ДОМИНИРА ВПЕЧАТОКОТ НА ЦВРСТИНА СОЗДАДЕНА СО РЕШИТЕЛНИ УДАРИ НА СЛИКАРЕВАТА ЧЕТКА. ОД ТОА ШАРЕНИЛО НА БОИ ГЛЕДАЧОТ ГО ФИКСИРААТ МРТВИ ОЧИ БЕЗ КАПАЦИ ПОЛНИ СО НЕПОТРЕБНО ЧУВСТВО НА СТРАВ, СЕ НАМЕТНУВА НАСИЛИЕ, ОПАСНОСТ, СМРТ И СÈ ОНА ШТО МОЖЕ ПОПУЛАРНО ДА СЕ ДЕФИНИРА ЛОШО СО ЗБОРОВИ. ОВАА КОНЦЕНТРАЦИЈА НА ХАОС ВО СЛИКИТЕ ПРИКАЖАНИ НА ОВАА ИЗЛОЖБА, СЛИКАРОТ ЈА ПРЕТВОРА ВО ПРИВИДНА ХАРМОНИЈА. А ТАКВАТА ЗАДАЧА НЕ Е НИ МАЛКУ ЛЕСНА.

*SULTAN ALI* ГИ СОЗДАВА СВОИТЕ ДЕЛА ОД ОТПАДОЦИ НА ЖЕЛЕЗО. НЕГОВАТА ТЕМА Е НЕИСРПНА, КОЛКУ ШТО Е И МАТЕРИЈАЛОТ ШТО ГО КОРИСТИ. ЕПСКИТЕ ЛИКОВИ СЕ ПРИКАЖАНИ ВО СЕТА НИВНА СУРОВА ГРУБА И НЕПРИКРИЕНА ГОЛОТИЈА. НАРОДНАТА ЛЕГЕНДА ПОВТОРНО СЕ СОЗДАВА НИЗ ПОКАЖАНИТЕ ЗАБИ, ИСПЛАЗЕНИОТ ЈАЗИК, ИЗГУБЕНИТЕ ОЧИ И РАСШИРЕНИТЕ НОЗЕ. НО СПРОТИВНО НА СÈ ОВА НЕГОВАТА УМЕТНОСТ НЕ Е ЗАСТРАШУВАЧКА, ТУКУ СМИРЕНА И ИНТЕРЕСНА, КАКО ДА СЕ ОДИГРУВА ФАРСА ИЛИ КАКО ДА СЕ ИСТЕРУВА ЃАВОЛОТ.

СУЛТАН АЛИ НИ НУДИ НЕПОСРЕДНО ФИЗИЧКО ЧУВСТВО НА ВРЕМЕТО, СО НЕГО СЕ ВРАЌАМЕ ВО МУЗЕЈОТ. ТОЈ НИ НУДИ ПРЕФИНЕТО ОТКРИТИЕ

СПРОТИВНО НА НЕГОВИТЕ ФОЛКЛОРНИ ЛИКОВИ НА ВУДУ ИЛИ ТОТЕМСКИТЕ ЗНАЦИ.

ДЕЛОТО НА *GULAM SHEIKH* Е АВТОБИОГРАФСКО, ИЗМЕШАНО СО МИСЛИ И ЧУВСТВА. МЕЃУ НИВ Е ПОСТИГНАТА ПРЕЦИЗНА ХАРМОНИЈА И УСПЕШНА РАМНОТЕЖА. СЕ ЧУВСТВУВА СВЕСНА КОНТРОЛА НО БЕЗ ПОТИСКУВАЊЕ НА ПРИМАМЛИВАТА ПОТСВЕСТ, ТАКА ШТО ЧЕСТО СЕ СРЕТНУВААТ ПЕЈЗАЖИ НА ПСИХАТА. СТИЛСКИ, НЕГОВАТА УМЕТНОСТ СЕ ПОВРЗУВА СО МОШНЕ РАСПРОСТРАНЕТАТА ИНДИСКАТА МИНИЈАТУРА. КОМПОЗИЦИИТЕ СЕ МИРНИ И ДОБРО РАСПОРЕДЕНИ, ИАКО СЕ СОСТАВЕНИ ОД РАЗЛИЧНИ ЕЛЕМЕНТИ КОИ ЧЕСТО ПРЕТСТАВУВААТ ФАНТАЗИЈА НА НЕСВЕСНОТО. ВО МНОГУ ОД НЕГОВИТЕ ДЕЛА СО СОГЛЕДУБА ЕДНА НОВА ДИМЕНЗИЈА.

СЛИКАТЕ НА *JATIN DAS:* ГИ КАРАКТЕРИЗИРА СЛОБОДАТА НА ЛИНИИТЕ, СЕКОГАШ АНИМИРАНИ И ТОЧНИ КОГА ОПИШУВААТ ЧОВЕЧКИ ЛИКОВИ. НАЈУСПЕШЕН Е КОГА РАБОТИ СО МАСЛО ИЛИ МАСТИЛО. НА НЕГОВИТЕ ФОРМИ ЗАБЕЛЕЖЕНИ И ПРЕРАБОТЕНИ ВО ТИЕ СТУДИИ И ВО НЕГОВИТЕ ИМАГИНАРНИ ПОРТРЕТИ КОИ СЕ СЕКОГАШ ЕДИНСТВЕНИ И ПРОВЕРЕНИ, НЕМА ШТО ДА ИМ СЕ ДОДАДЕ. ЈАТИН ДАС Е СЛИКАР НА СЛИКАРИТЕ.

ВО НЕГОВИТЕ НАЈУСПЕШНИ ДЕЛА ОКОТУ МУ СЕ ДВИЖИ СО БРЗИНА НА ФОТОГРАФСКИ ОБЈЕКТИВ. НА ТОЈ НАЧИН НИЕ САМО ГЛЕДАМЕ БРЗО ДВИЖЕЊЕ, А НЕ И НЕПОДВИЖЕН ПРЕДМЕТ. СЕНКАТА НА НЕУЛОВЛИВАТА АКЦИЈА НА МОМЕНТОТ ТОЈ ЈА ПОСТИГНУВА СО НИЗА ЦИРКУЛАРНИ ДВИЖЕЊА И СО НАТРУПУВАЊЕ НА ПРЕОДНИ ФОРМИ.

ТОА Е БРЗОПОТЕЗНА УМЕТНОСТ, СУВА, БЕЗ ВЛАГА И ПРИВЛЕЧНОСТ, СПРОТИВНО НА КОЛОРИТОТ. ТОЈ Е ОБЈЕКТИВЕН И ОСТАР, ПЛИВА НАД ЛИНИИТЕ КАКО ДА ГО ВЕЖБА УТВРДУВАЊЕТО НА РАМНОТЕЖАТА. СЕ НАЅИРА И НЕКОЈ ВИД СЕНЗУАЛНОСТ ДОДЕКА МОЛИВОТ ИЛИ ЧЕТЧЕТО МИНУВААТ ПРЕКУ ЧОВЕЧКИТЕ ЛИКОВИ И СОЗДАВААТ ПОЛНИ ТЕЛА. СЛИКАРОТ НИКОГАШ НЕ ДОСТИГА ПОТПОЛНА АПСТРАКЦИЈА, ИАКО ПОНЕКОГАШ ТАМУ-ВАМУ СЕ ГЛЕДААТ САМО

ЕЛЕМЕНТИ НА ОСТРИ ГЕОМЕТРИСКИ РАМНИНИ И РАЗНИ ПАРАЛЕЛИ. НО ОД ДЕЛО ВО ДЕЛО ЧОВЕЧКИТЕ ФИГУРИ СЕКОГАШ СЕ ПОВТОРУВААТ. КАДЕГОДЕ СУГЕСТИИТЕ НА ОКОТО ИЛИ УВОТО СЕ ДИСКРЕТНИ СЕ ВОВЛЕКУВА УБЕДУВАЊЕ И СИЛА.

ПОРАДИ ТОА У ОВДЕ НАИДУВАМЕ НА АНТРОПОМОРФЕН СВЕТ ИЗРАЗЕН НИЗ ФОРМАЛНАТА ТОЧНОСТ И ИНВЕНТИВНИОТ ДИЗАЈН. А ЗАД СЀ ТОА СЕ НАОЃА РАКАТА НА ЕФИКАСНИОТ И ЕКОНОМИЧНИОТ ЦРТАЧ.

ВО ИЗЛОЖБАТА ГИ ВКЛУЧИВМЕ И СЛИКИТЕ НА *BIREN DE* КОИ СЕ ВО ДИЈАМЕТРАЛЕН КОНТРАСТ СО ФИГУРАТИВНИТЕ СЛИКАРИ ШТО СЕ НАЈМНОГУ ЗАСТАПЕНИ ВО ОВОЈ ИЗБОР. ТОА ГО СТОРИВМЕ ПОРАДИ ДВЕ ПРИЧИНИ: ЗА ДА ПОКАЖЕМЕ СО ШТО СЕ ЗАНИМАВААТ НЕФИГУРАТИВНИТЕ СЛИКАРИ ВО ИНДИЈА И ДРУГО ЗА ДА ПОКАЖЕМЕ ДЕКА УМЕТНИЧКИОТ СВЕТ НА ИНДИЈА Е СВЕСЕН И ЗА ОНОЈ ПОШИРОК ЛАК НА ПРИРОДАТА, ИЛИ БОЈАТА, ВО КОЈ ПОСТОИ ЧОВЕКОТ. ОВА ЌЕ РЕЧЕ ДЕКА ТРАНСЦЕНДЕНТАЛНИОТ СВЕТ НЕ Е СВЕТ НА СУДИРИ И НАТРПЕВАРИ ИЛИ САМО ПАСИВНА ЉУБОВ, ТОЈ ПРЕТСТАВУВА АКТИВНА СВЕСТ НА ИДНОТО ЧОВЕШТВО. СЛИКАРИТЕ КАКО БИРЕН ДЕ ЈА ДОПОЛНУВААТ ОРКЕСТРАЦИЈАТА НА ИНДИСКИОТ УМЕТНИЧКИ ИЗРАЗ. ТИЕ НÈ ПОТСЕТУВААТ НА СИЛИТЕ ШТО ГО ОДВЛЕКУВААТ ЧОВЕЧКИОТ ДУХ ОД НЕГОВИТЕ СТРАШНИ И ТЕСНИ ЗАБРАНИ.

ДЕ Е ВЉУБЕН ВО СОВРШЕНИОТ КРУГ, РИТМИЧКОТО ДВИЖЕЊЕ НА ЅВЕЗДИТЕ, ПРОБОЈНИОТ ЗРАК НА ДИЈАМАНТОТ, КОРОНАТА НА СОНЦЕТО, ПРАСТАРАТА СИЛА ШТО ГО РАЃА СВЕТОТ И МНОГУ НЕШТО ДРУГО. НЕГОВОТО ДЕЛО ГИ НАДРАЗНУВА И ПРЕНЕСУВА ЧУВСТВАТА И ФЕНОМЕНАЛНАТА КРЕАЦИЈА КОЈА ПАК НАМЕТНУВА ЧУВСТВО НА КОСМИЧКА ВЕЛИЧЕСТВЕНОСТ. СПОРЕД НАШЕТО МИСЛЕЊЕ ДЕ ПРИДОНЕСУВА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА НА РАЗУРНАТОТО ЕГО. ТОЈ НИ СЕ ОБРНУВА НИЗ НЕКОНВЕНЦИОНАЛНИТЕ СИМБОЛИ ШТО МОЖАТ ДА ПРЕДИЗВИКААТ НЕВЕРУВАЊЕ, НО АКО ИМ ВЕРУВАМЕ НЕГОВОТО ДЕЛО НЕ МОЖЕ ДА СЕ ДОВЕДЕ ВО ПРАШАЊЕ.

БИРЕН ДЕ ГИ КОМБИНИРА ЧУВСТВОТО И МИСЛАТА. НЕГОВИ СЛИКИ СЕ ТАКВИ ШТО БИ МОЖЕЛЕ ДА ГО ЗАЗЕМАТ МЕСТОТО НА БОЖЕСТВО ВО НЕКОЈ ХРАМ. НИВНАТА СВЕТЛИНА ТЕРА НА ПОКОРНОСТ.

НЕГОВОТО ТВОРЕШТВО НЕ ВОДИ КОН НАЈЖИВИТЕ РЕФЛЕКСИ НА СВЕТЛОТО, ПОЛНИ СО ЕКСПЛОЗИИ НА ЕНЕРГИЈА СО КОСМИЧКИ ЗАВРШЕТОК.

ТОА СТОИ ОДВОЕНО И СОМОСТОЈНО, УСРЕДЕРЕНО И ОСАМЕНО.

KESHAV MALIK

VEENA BHARGAVA

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Тротоар I | 109×176 cm | *Масло на платно* |
| 2. | Тротоар II | 151×176 cm | *Масло на платно* |
| 3. | Тротоар III | 131×176 cm | *Масло на платно* |

S. R. BHUSHAN

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4. | Пласт I | 156×172 cm | *Масло и свила* |
| 5. | Пласт II | 167×182 cm | *Масло и свила* |

RAMESHWAR BROOTA

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6. | Таа долга незавршена приказна | 152×218 cm | *Масло на платно* |
| 7. | Незавршена приказна | 143×143 cm | *Масло на платно* |
| 8. | Севдар | 143×143 cm | *Масло на платно* |

ARUP DAS

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9. | Цртеж (А) | 84× 69 cm | *Туш* |
| 10. | Цртеж (Б) | 84× 69 cm | *Туш* |
| 11. | Цртеж (Ц) | 60× 49 cm | *Акварел* |

JATIN DAS

| | | | |
|---|---|---|---|
| 12. | Фигура во жолто | 183×118 cm | *Масло на платно* |
| 13. | Две фигури во црвено | 182×182 cm | *Масло на платно* |

BIREN DE

| | | | |
|---|---|---|---|
| 14. | Март 1970. | 172×226 cm | *Масло на платно* |
| 15. | Ти, Јули 1970 | 132×132 cm | *Масло на платно* |
| 16. | Јули 1972. (а) | 109×109 cm | *Масло на платно* |

D. DORAISWAMY

| | | | |
|---|---|---|---|
| 17. | Трудница | 120× 88 cm | *Масло на платно* |
| 18. | Политичари во агитација | 90×127 cm | *Масло на платно* |
| 19. | Семејство | 69× 79 cm | *Литографија* |
| 20. | Потоп 21. септември 1971. | 79× 69 cm | *Литографија* |

K. KHOSA

| | | | |
|---|---|---|---|
| 21. | Завој | 143×143 cm | *Масло на платно* |

K. LAXMA GOUD

| | | | |
|---|---|---|---|
| 22. | Цртеж I | 75× 72 cm | *Туш* |
| 23. | Цртеж II | 72× 75 cm | *Туш* |
| 24. | Цртеж III | 91× 75 cm | *Туш* |

NALINI MALANI

| | | | |
|---|---|---|---|
| 25. | Слика 10 | 174×174 cm | *Масло на платно* |
| 26. | Слика 6 | 92×117 cm | *Масло на платно* |

AKBAR PADAMSEE

| | | | |
|---|---|---|---|
| 27. | Две фигури | 83×120 cm | *Масло на платно* |

GIEVE PATEL

| | | | |
|---|---|---|---|
| 28. | Мртов политичар | 77×116 cm | *Масло на платно* |
| 29. | Државник со венец | 93×108 cm | *Масло на платно* |

A. RAMACHANDRAN

| | | | |
|---|---|---|---|
| 30. | Час по анатомија (2 панели) | 181×332 cm | *Масло на платно* |
| 31. | Публика (студија за поголема слика) | 180×262 cm | *Масло на платно* |
| 32. | Таваница (4 панели) | 254×254 cm | *Масло на платно* |

SUDHIR SAXENA

| | | | |
|---|---|---|---|
| 33. | Потчинети | 103× 77 cm | *Туш* |

PARITOSH SEN

| | | | |
|---|---|---|---|
| 34. | Утепајте го велосипедистот — (како плаката) | 177×217 cm | *Масло на платно* |
| 35. | Баде Гулам Али Кан | 168×168 cm | *Масло на платно* |

GULAM MOHAMMED SHEIKH

| | | | |
|---|---|---|---|
| 36. | Гравира I | 67× 67 cm | *Гравира* |
| 37. | Без наслов | 77× 92 cm | *Гравира* |

J. SULTAN ALI

| | | | |
|---|---|---|---|
| 38. | Награншами | 178×305 cm | *Масло на платно* |

VIVAN SUNDARAM

| | | | |
|---|---|---|---|
| 39. | Пабло Неруда (триптих) | 77×133 cm | *Туш* |
| 40. | Кутрата рака, кутрата нога | 53× 47 cm | *Туш* |
| 41. | Лице и пејзаж | 53× 47 cm | *Туш* |



1



4







12







21





25



27



28







34





38



*Уредник*
БОРИС ПЕТКОВСКИ

*Технички уредник*
СЛОБОДАН НИКОЛИЋ

*Печат*
„СЛОБОДАН ЈОВИЋ“ — БЕОГРАД

Штампа: „Слободан Јовић“, Београд

